Република Северна Македонија

Министерство за одбрана

# КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА 2025

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
с.р. Владо Мисајловски

# КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА
# 2025

Бр. 3-19-858/1
07.03.2025година

Март, 2025 година

# ВОВЕДЕН ЗБОР



Комуникациската стратегија на Министерството за одбрана за 2025 година ја отсликува посветеноста на одбраната да комуницира со македонските граѓани отчетно, транспарентно и отворено. Тоа е од суштинско значење особено ако имаме предвид дека живееме во време на безбедносни промени. Време кога дезинформациите имаат силно влијание врз општественото живеење, што побарува ефикасен и брз систем за информирање кој се базира исклучиво на фактички точни информации.

Развојот на одбраната го позиционираме на три столба, стабилно буџетирање, набавка на нова опрема и развој на силен човечки капацитет. За нас во одбраната важно е сите македонски граѓани да знаат како се инвестираат нивните пари – во постабилна и побезбедна држава. Инвестираме во нова, модерна и софистицирана опрема која припадниците на македонската Армија ја заслужуваат. Инвестираме во индивидуалниот и колективниот развој на нашите војници, подофицери и офицери, нашите службеници затоа што тие се столбот на одбранбениот систем. Ги почитуваме нивните права, но истовремено бараме целосна посветеност и непоколеблив професионализам.

Со оваа Комуникациска стратегија ги дефиниравме клучните публики кои ќе бидат во нашиот фокус годинава, исто како што ги дефиниравме и темите, наративите и клучните публики со кои ќе им се обратиме на македонските граѓани. Се обраќаме кон домашната јавност, но и кон јавноста во НАТО – Алијансата. Нашата татковина е доверлив сојузник кој дава директен придонес кон безбедноста на сите нас – 32 земји здружени во Алијанса на вредности.

Комуникациската стратегија е еден сеопфатен документ кој освен нашите пораки, јавно и транспарентно ги покажува принципите врз кои работи одбраната во доменот на односите со јавноста, како и професионалните стандарди за комуникаторите во Министерството. Тоа покажува дека нашиот систем е поставен на здрави нозе и дека транспарентноста и отвореноста на Министерството е наша силна заложба.

Само со информирани граѓани кои ги препознаваат целите на одбраната можеме да развиеме силна општествена отпорност која ќе овозможи сите заедно и здружени да изградиме систем кој ќе одговори на секој безбедносен предизвик.

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА

**Владо Мисајловски**

# КОМУНИКАЦИСКИ НАЧЕЛА

Министерството за одбрана е најтранспарентната институција во државата на централно и локално ниво пет години по ред, од кои последните четири со максимално, 100%-но исполнување на критериумите согласно Индексот за активна транспарентност. Тоа покажува дека Министерството како стожер на одбранбениот сектор, на транспарентноста гледаме како на врвна демократска вредност од која не отстапуваме. Значаен дел од оваа транспарентност се однесува на квантумот на достапни информации за функционирањето на одбраната, трошењето на средствата наменети за одбрана, но и постојаното и проактивно комуницирање со клучните публики.

Системот за комуницирање во Министерството е поставен на здрави нозе – преку Политиката за стратешки комуникации и правилниците кои ја дефинираат оваа област, што овозможува континуитет, предвидливост и стекнување на доверба кај јавноста дека Министерството го почитува јавниот интерес и дека граѓаните имаат право да знаат како нивните пари се инвестираат во побезбедна држава.

Проактивното комуницирање е поддржано и од лесниот пристап до информации, како и принципите согласно кои работат комуникаторите во одбраната. Министерството во континуитет работи на олеснување на начинот на кој граѓаните можат да дојдат до посакуваната информација, вклучувајќи ги и промените на веб-страницата на Министерството, www.mod.gov.mk која претставува клучната база на информации за одбраната.

Изработката на Комуникациската стратегија во суштина ги систематизира темите, наративите и пораките кои Министерството ги пласира кон јавноста и за кои очекува повратна комуникација која се спроведува преку сите достапни алатки, вклучувајќи ги и социјалните мрежи како едни од клучните комуникациски канали преку кои се воспоставува двонасочна комуникација со клучните публики.

Имајќи ја предвид променливата безбедносна средина, Министерството го намали периодот на изработка на Комуникациска стратегија од две на една година, со што овозможуваме соодветно моделирање на темите, наративите и пораките на реалноста во која живее секој наш граѓанин.

Комуникацискиот период на оваа Стратегија произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, Годишниот план за работа на Министерството за одбрана како и приоритетите на раководството во одбраната.

Министерството за одбрана останува цврсто на својот пат – а, тоа е да продолжи да биде релевантна, кредибилна и отворена институција која со јавноста комуницира брзо, ефикасно, навремено и со фактички точни информации.

# КЛУЧНИ ПУБЛИКИ

Дефинирањето на клучните публики е појдовната основа на оваа Комуникациска стратегија. Остануваме фокусирани на истражувањето на информациската средина и точното дефинирање на карактеристиките и интересите на клучните публики, факт кој ни овозможува точно да ги дефинираме комуникациските теми, наративи и пораки.

Одбраната се фокусира на две засебни клучни публики: домашната и надворешната (НАТО) јавност.

**Домашната јавност** е всушност македонската јавност, од сите категории на граѓани и возрасти. Најзначајни целни групи се вработените во одбраната, Армијата и нивните семејства, младите на возраст од 18 – 25 години како басен на граѓани од кои се врши прием во Армијата како професионални војници, како и претставниците на невладиниот сектор и академската заедница. Претставниците на медиумите се исто така еден од приоритетите во рамките на комуникацискиот процес, како публика која е значајна во комуникациските напори за пласирање на комуникациски пораки до генералната јавност.

**Надворешната јавност** се состои од јавноста во НАТО – Алијансата, сегментирана на НАТО командите и ентитетите, раководствата на сојузничките држави, како и раководствата на партнерските земји, особено во рамките на балканскиот регион.

# I. ТЕМИ И НАРАТИВИ

Министерството за одбрана активно комуницира со публика на следните теми:

## ДЕЛ 1. ДОМАШНА ЈАВНОСТ

ТЕМА 1 – МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ БЕЗБЕДНИ, ТАТКОВИНАТА СИГУРНА

ТЕМА 2 – СТАБИЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ЗА МОДЕРНА И СОВРЕМЕНА ОПРЕМА

ТЕМА 3 – ОДБРАНА И АРМИЈА СО СИЛЕН ЧОВЕЧКИ КАПАЦИТЕТ

ТЕМА 4 – КАПАЦИТЕТИ ВО СЛУЖБА НА КОЛЕКТИВНАТА ОДБРАНА

ТЕМА 5 – ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ И НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

## ДЕЛ 2. ЕКСТЕРНА ЈАВНОСТ: НАТО И ЗЕМЈИТЕ - ЧЛЕНКИ

ТЕМА 1 – СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ДОВЕРЛИВ И ПОСВЕТЕН СОЈУЗНИК

ТЕМА 2 – СИГУРНОСТ ВО ПРОМЕНЕТА БЕЗБЕДНОСНА СРЕДИНА

ТЕМА 3 – МАКЕДОНСКИОТ ПРИДОНЕС КОН КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

# ДЕЛ 1. ДОМАШНА ПУБЛИКА

## ТЕМА 1 – МАКЕДОНСКИТЕ ГРАЃАНИ БЕЗБЕДНИ, ТАТКОВИНАТА СИГУРНА

Северна Македонија е сигурна и безбедна земја. Тоа е првиот највисок приоритет за одбраната и за Армијата зашто без безбедност нема просперитет и економски развој. Со членството во НАТО започна и едно ново поглавје за македонската држава во кое одбранбениот систем стана составен дел на колективната одбрана на 32 сојузнички земји кои ги спојуваат вредностите на демократијата, посветеноста на принципите на меѓународното право и меѓународниот поредок. Северна Македонија активно учествува во дискусиите во НАТО – Алијансата и сите одлуки кои се носат во име на 32 земји се носат со одобрување




од страна на македонските претставници. Тоа е доволен доказ дека за нас и за глобалните геополитички текови не се зборува зад вратите, туку дека ние активно учествуваме на дискусиите на масата на која се носат одлуки со глобални импликации.

Во НАТО сме еден за сите и сите за еден и затоа остануваме непоколебливи во заштитата на секоја педа НАТО територија, која ја вклучува и македонската територија.

Денешната реалност укажува на силни промени во геополитиката на глобално ниво, а за нашата држава од суштинско значење е да не сме на маргините на овој процес, туку однатре да ги заштитиме македонските интереси и интересите на нашите сојузници. Во тој контекст, повикуваме на запирање на воените дејствија и воспоставување на мир.

Безбедноста гарантира и засилен економски раст. Членството во НАТО носи нови можности, нов пазар и побрз прогрес. Нашата цел е преку одбранбената политика да обезбедиме мирен развој , независност и суверенитет на државата, сигурност за граѓаните и бизнисот. Членството во НАТО е гаранција за нови инвестиции во државата, но и шанса за нашата бизнис заедница и компании да учествуваат во големиот ланец на набавки/снабдување со производи за потребите на НАТО Алијансата. Центарот  за поддршка на домашните компании при настап на НАТО – тендери го олеснува пристапот до НАТО позарот и ги води македонските компании во овој процес.

**Клучни пораки:**

1. Северна Македонија е безбедна и сигурна земја, членка на најмоќниот воено-политички сојуз во историјата. Ние сме на истата маса заедно со најмоќните на која донесуваме одлуки за побезбеден свет. Членството во НАТО е уште една гаранција на суверенитетот и територијалниот интегритет на татковината.

2. Безбедносните промени бараат постојана будност и агилност. Ги поддржуваме одлуките кои значат мир и безбедност, но, уште повеќе, значат безбедно НАТО и безбедна држава. Повикуваме на разум, запирање на воените дејствија и воспоставување на одржлив и долготраен мир.

3. Загарантираната безбедност е и гаранција за побрз економски развој и инвестиции. Членството во НАТО значи стабилност и нови инвестиции во државата. Целосно сме посветени на поддршката на нашата бизнис заедница во настапот на пазарот на НАТО. Повеќе НАТО – тендери, поголем економски развој.

## ТЕМА 2 – СТАБИЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ЗА МОДЕРНА И СОВРЕМЕНА АРМИЈА

Буџетирањето на одбраната се движи во нагорна линија. Македонскиот одбранбен буџет е во рамките на заеднички реафирмираното ниво – 2 проценти од бруто-домашниот производ на земјата. Во 2025 година, одбранбениот буџет е на ниво од 2 проценти од македонскиот БДП, односно 329 милиони евра што е за 5 милиони евра повеќе од минатата година. Исто така важно е дека инвестициите во Армијата не само што не се намалуваат, туку и се интензивираат. Оваа година над 32 проценти од одбранбениот буџет се алоцирани за нова и модерна опрема за Армијата. Тоа се над 106 милиони евра, или 18 милиони евра повеќе од 2024 година – за нова, модерна и софистицирана опрема согласно највисоките стандарди на НАТО.



2025 година е година на интензивно воведување на нова и модерна опрема во рамките на Армијата. Продолжуваме со набавката на модерните лесни оклопни возила од тимот JLTV, од кои 38 се веќе дел од армискиот арсенал. Оваа година ќе започне и пристигнувањето на оклопните возилата од типот Stryker. Од системите за противвоздушна и артилериска опрема, годинава како дел од армиските капацитети ќе станати и артилериските системи „Боран“ од сојузничка Турција, и системот за против-воздушна одбрана на мали височини, „Мистрал 3“ од Франција. Во 2025 година следуваат и набавки за лична и придружна потребна опрема, зашто модернизацијата и опремувањето на Армијата е еден сеопфатен процес.

Продолжува и набавката на леталата кои се дел од воздухопловната компонента на Армијата. Договорот со италијанската држава и компанијата „Леонардо“ е активен и е најголемиот договор кој го има Министерството за одбрана. За нас е важно овој договор и оваа набавка да бидат реализирани согласно сите правни прописи и регулативи. Набавката на новите осум хеликоптери ќе се реализира и првите 2 хеликоптери ги очекуваме веќе следната 2026 година.

Стабилното финансирање на Армијата овозможува зголемување на борбената готовност и интероперативност на Армијата, како и подобрување на условите за работа. Тежиштето на модернизацијата е на декларираните сили, поточно Лесната пешадиска борбена група, а процесот на модернизација и опремување е во согласност со Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023 – 2032 година и НАТО – целите на способности.

**Клучни пораки:**

1. Целосно сме посветени на стабилното финансирање на одбраната, вклучувајќи го и процесот за модернизација и опремување кој се интензивира. Секоја година има повеќе пари за помотивирана, помодерна, посилна НАТО – Армија! Одбранбениот буџет изнесува 329 милиони евра, од кои над 32 проценти или 106 милиони евра се наменети за модернизација и опремување. Тоа е гарант дека модернизацијата ќе продолжи интензивно да се реализира.

2. Набавуваме нова и модерна опрема за посилна држава и побезбедно НАТО. За НАТО – Армија, потребни се НАТО – услови. Во 2025 година продолжуваме со процесот на набавка на оклопни возила од типот JLTV, пристигнуваат оклопните возила од типот Stryker, пристигнуваат артилериските системи „Боран" и системот за против-воздушна одбрана на многу мали височини, „Мистрал 3".

3. Нашиот фокус е Лесната пешадиска баталјонска група, нашата декларирана НАТО единица, но истовремено инвестираме и во секој сегмент од Армијата! Модернизацијата се реализира согласно стратешки документи и таа е процес кој се води од врвни професионалци во одбраната и Армијата. За нас главна водилка се Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023 – 2032 година и НАТО – целите на способности.

## ТЕМА 3 – ОДБРАНА И АРМИЈА СО СИЛЕН ЧОВЕЧКИ КАПАЦИТЕТ

Силен и развиен човечки капацитет е еден од трите столба на кои ја базираме македонската одбрана. Министерството ќе продолжи да вложува во своите вработени и во сите припадници на Армијата, во нивниот професионален развој, но и во целосното почитување на сите обврски кои произлегуваат од Законот за вработените во Министерството за одбрана, Законот за служба во Армијата и Колективниот договор. Инвестирањето во одбраната подразбира и инвестирање во нашите вработени и затоа доследно се почитуваат сите обврски кон нив, на ист начин како што тие со својот професионализам се целосно ангажирани во одржувањето на безбедноста на земјата. Годинава една третина од буџетот е наменет за вработените со што ќе се покријат сите финансиски побарувања согласно законите и подзаконските акти.



Грижата за вработените подразбира и стабилен развој во кариерата, постојана доедукација во центрите за образование во и надвор од земјата, како и учество на вежби и обуки заедно со сојузничките армии.

Истовремено, водиме грижа за соодветна пополна на Армијата – со нови професионални војници, млади и мотивирани македонски граѓани кои сакаат да и служат на татковината. Во 2025 година, Армијата

ќе се подмлади со 300 нови професионални војници. Годинава планиран е и прием на граѓани со цивилни факултети кои по 6-месечниот курс ќе бидат произведени во офицери. Секако планиран е и приемот на 26 питомци кои годинава ги завршуваат своите студии на Воената академија. Планираме да произведеме и нови подофицери. Ги пополнуваме кадрите кои за Армијата се критични специјалности. Во 2025 година ќе извршиме прием на првиот стипендист согласно Законот за служба во Армијата. На тој начин покажуваме дека системот функционира, но истовремено се грижиме и младите да ги задржиме дома. Продолжуваме да стипендираме кадри со специфични познавања кои и се потребни на Армијата и кои по завршувањето на нивното образование стекнатото знаење ќе го користат во редовите на Армијата. Прием ќе има и во категориите службеници во одбраната и цивилни лица во служба на Армијата, имајќи ги предвид нашите потреби и одливот на кадар по различни основи, главно пензионирање. Одбранбениот систем мора да функционира и затоа нема да дозволиме одбраната и Армијата да се соочат со недостаток на професионалци.

**Клучни пораки :**

1. Човечките капацитети во одбраната и Армијата се наш врвен приоритет. Армијата мора да располага со мотивиран и професионален кадар чија основна задача е – безбедноста на татковината и сигурноста на граѓаните.

2. Министерството инвестира во своите вработени. Целосно ги почитуваме обврските кон вработените утврдени со законските решенија и со Колективниот договор. Остануваме фокусирани на нивниот професионален развој, континуираните обуки и вежби, дома и во сојузничките земји.

3. Се грижиме за пополнување и подмладување на Армијата. Планираниот прием на професионални војници, подофицери и офицери ќе го одржи потребното ниво на пополнетост на Армијата и ќе овозможи системот да продолжи да функционира беспрекорно.

## ТЕМА 4 – КАПАЦИТЕТИ ВО СЛУЖБА НА КОЛЕКТИВНАТА ОДБРАНА

Со членството во НАТО, нашата држава и Армија преминаа од национален во колективен систем на одбрана во кој предничат интероперативноста и развојот на специфичен сет на капацитети кои ја заокружуваат колективната одбрана на целата НАТО – територија и 32 земји-членки. Македонската армија дава не само декларативен, туку и реален придонес кон еден од најважните постулати на Алијансата – одбрана и одвраќање и тоа во мултинационалните сили на НАТО во Латвија, Бугарија и Романија. Придонесот продолжува и оваа, 2025 година, преку планираните ротации за кои има и буџетска поддршка.



Северна Македонија останува на својата заложба за одржување и зацврстување на безбедноста и на регионално ниво – и тоа преку учеството во мисијата на НАТО на Косово, КФОР, операцијата на Европската Унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР – АЛТЕА, а со свои припадници го продолжуваме и учеството во мисијата на Обединетите Нации во Либан, УНИФИЛ како регион кој е во географска близина на балканскиот регион.

Во нашата држава функционира и еден од најголемите полигони за обука во регионот, армискиот полигон „Криволак“ каде во континуитет се одвиваат големи и комплексни мултинационални вежби. Полигонот „Криволак“ многупати ја покажа својата вредност како место каде може симултано да се одвиваат повеќе различни активности подредени под една иста вежба. Министерството за одбрана развојот на содржините и инфраструктурата на овој полигон ги поставува како еден од своите први приоритети.



Во однос на капацитетите со кои државата придонесува кон НАТО, за потенцирање е развојот на Регионалниот центар за односи со јавноста кој е позициониран во центарот на побарувањата на Алијансата за нови, мотивирани, обучени офицери за односи со јавноста. Оваа област е уште поважна имајќи ја предвид моменталната информациска средина која се карактеризира со голем број на дезинформации и силна потреба за споделување на фактички точни информации. По успешната реализација на оценската посета на тим од НАТО – Алијансата, овој македонски капацитет доби безусловна НАТО – акредитација која е доказ дека Центарот функционира согласно највисоките стандарди на Алијансата, и дека има воспоставено систем за контрола на квалитет кој укажува на тоа дека обуките кои се спроведуваат имаат континуирано високо ниво на квалитет, онака како што е пропишано во соодветните НАТО документи.

**Клучни пораки:**

1. Нашата држава е активен и посветен сојузник кој дава реален придонес во зацврстувањето на одбраната и одвраќањето на НАТО. Македонски војници се дел од мултинационалните сили на Алијансата во Латвија, Бугарија и Романија и ние таму ќе останеме и во 2025 година, работејќи заедно со сојузничките армии во одржувањето на мирот и безбедноста на источното крило на НАТО.

2. Полигонот „Криволак“ е нашиот најголем вежбовен капацитет кој овозможува сеопфатно извежбување и развој на интероперативноста со сојузничките Армии. Министерството за одбрана продолжува да ги развива содржините и инфраструктурата на овој полигон кој е еден од приоритетите за Армијата и одбраната.

3. Даваме придонес и во некинетичките капацитети на Алијансата. Регионалниот центар за односи со јавноста се здоби со безусловна НАТО акредитација, која значи дека обуките и вежбите кои се организираат во овој уникатен Центар се согласно највисоките стандарди на Алијансата.

## ТЕМА 5 – ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ И НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

Министерството за одбрана продолжува да биде на врвот на институциите, со највисока активна транспарентност споредено со сите останати институции на локално и централно ниво. За нас, транспарентноста е нашиот код и од неа не отстапуваме. Во 2024 година останавме на врвот со 100-процентна исполнетост на критериумите согласно независните мерења, така продолжуваме и во 2025 година. Нашиот принцип е јасен – одбраната е максимално отворена кон граѓаните.

| Ранг 2024 | Ранг 2023 | Институција | Резултат 2024 | Резултат 2023 |
|---|---|---|---|---|
| **1** | 1 | Министерство за одбрана | **100,0 %** | 100,0 % |
| **2** | 4 | Министерство за труд и социјална политика | **97,8 %** | 95,7 % |
| **3** | 10 | Министерство за внатрешни работи | **95,7 %** | 87,5 % |
| **3** | 4 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | **95,7 %** | 95,7 % |
| **5** | 6 | Министерство за здравство | **93,5 %** | 91,3 % |
| **5** | 7 | Министерство за локална самоуправа | **93,5 %** | 90,9 % |
| **7** | 8 | Министерство за животна средина и просторно планирање | **91,7 %** | 89,1 % |
| **7** | 8 | Министерство за информатичко општество и администрација | **91,7 %** | 89,1 % |
| **9** | 3 | Министерство за финансии | **90,7 %** | 98,1 % |
| **10** | 1 | Влада на РСМ | **87,0 %** | 100,0 % |
| **11** | 11 | Министерство за економија | **82,6 %** | 87,0 % |
| **12** | 16 | Министерство за надворешни работи | **78,3 %** | 67,4 % |
| **13** | 12 | Министерство за образование и наука | **76,1 %** | 82,6 % |
| **14** | 13 | Министерство за транспорт и врски | **75,0 %** | 80,4 % |
| **15** | 15 | Министерство за култура | **73,9 %** | 71,1 % |
| **15** | 14 | Министерство за правда | **73,9 %** | 79,2 % |
| **17** | 17 | [illegible] | **60,9 %** | 52,2 % |

Истовремено, преку сеопфатниот медиумски мониторинг и активностите во доменот на превентивниот столб на системот за справување со дезинформации, одбраната активно и континуирано се бори со оваа штетна појава. Продолжуваме со кредибилитет, со точни и навремени информации, како и со развојот на капацитетите за стратешки комуникации да работиме одбраната да продолжи да биде транспарентна, отворена и отчетна институција.

**Клучни пораки:**

1. Министерството и во 2024 година е институција со 100-процентна исполнетост на критериумите на независните мерења на активната транспарентност. Бевме и останавме институција која прва достигна 100 проценти и ќе останеме посветено да работиме на ова поле.

2. Продолжуваме да го развиваме системот за комуникации во Министерството кој гарантира транспарентност, додека истовремено ја градиме довербата со нашите клучни публики. Ќе ја продолжиме соработката со граѓанските организации и академскиот сектор за да овозможиме непречен развој на општествената отпорност на сите негативни влијанија во информацискиот простор.

3. Посветуваме внимание и на системот за справување со дезинформации со кои се бориме со кредибилни, точни и навремени информации. Министерството се позиционира како единствениот и најточниот извор на информации од областа на одбраната.

# ДЕЛ 2. НАТО ПУБЛИКА

## ТЕМА 1 – СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ДОВЕРЛИВ И ПОСВЕТЕН СОЈУЗНИК

Со нашата држава во Алијансата, НАТО е посигурно и постабилно. Македонските граѓани ги живеат истите вредности како и сите останати граѓани на земјите – членки. Северна Македонија е функционална демократска држава во која се втемелени западните вредности – еднаквоста по сите основи, владеењето на правото, слободите на говор и изразување.

БУЏЕТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА
ЗА 20205 ГОДИНА

**2% од БДП, 32% за опремување и модернизација**

Нашата мисија е мисијата на Алијансата – безбедност на секоја педа сојузничка територија и над 1 милијарда луѓе во светот. Целосно ги почитуваме заеднички донесените одлуки во НАТО. Одвојуваме 2 проценти од бруто-домашниот производ за одбранбениот Буџет, од кои високи 32 проценти во опремување и модернизација на Армијата. Со инвестициите во одбраната, инвестираме во посилна колективна одбрана на НАТО.

Ние ВЛОЖУВАМЕ во одбраната, МОДЕРНИЗИРАМЕ опрема и вооружување и УЧЕСТВУВАМЕ во мировни мисии, операции и други активности на Алијансата.

## ТЕМА 2 – СИГУРНОСТ ВО ПРОМЕНЕТА БЕЗБЕДНОСНА СРЕДИНА

Ја препознаваме новата реалност обременета од нарушувањето на безбедноста на европскиот континент. Повикуваме на воспоставување на одржлив мир и трајна безбедност.



НАТО има една примарна цел – заштита на својата територија. Алијансата не претстава закана за никого. Нашата одмереност и прагматичност не треба да предизвика сомнеж дека заедно сме подготвени да ја одбраниме својата територија и вредности.

## ТЕМА 3 – МАКЕДОНСКИОТ ПРИДОНЕС КОН КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Припадниците на македонската Армија повеќе од две децении дава свој придонес во воспоставувањето на мир и безбедност на глобално ниво. Со учеството во мисијата ИСАФ и „Одлучна поддршка“ во Авганистан докажавме дека можеме и умееме заеднички да донесеме мир. Денес, работиме заедно со сојузниците во одржувањето на безбедноста на источното крило на НАТО, но истовремено со свои војници ставаме печат и на регионалната безбедност.

Северна Македонија активно учествува во мултинационалните сили на Алијансата во Латвија, Романија и Бугарија и рамо до рамо со останатите сојузнички земји претставува гарант за безбедноста на источното крило на Алијансата. Во 2025 година продолжува учеството во мисијата на НАТО на Косово, КФОР исто како што го продолжуваме и учеството во мисијата на ЕУ во Босна и Херцеговина, ЕУФОР-АЛТЕА.



Безусловната НАТО акредитација на Регионалниот центар за односи со јавноста значи и сериозна поддршка во развојот на стратешките комуникации и воените односи со јавноста на ниво на цела Алијанса. Продолжуваме да работиме во намерата да обучиме колку што е можно повеќе комуникатори на НАТО кои ќе ни помогнат во нашата борба за вистината!

# II. СПРАВУВАЊЕ СО ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Дезинформациите се препознаени како едно од клучните безбедносни предизвици во секое современо општество. Ова е особено видливо во денешната безбедносна реалност. Конфликтот на европско тло покажа дека паралелно со борбата на копно, во море и во воздух, се води и борба за вистината во информациската сфера. Министерството за одбрана активно работи на развој на способности за справување со дезинформациите, првенствено преку системот за справување со дезинформации, во чии рамки се развива т.н. превентивна и образовна улога, заедно со функцијата на брзо и навремено откривање на дезинформациите и креирањето на систем за брз одговор на детектираните дезинформации. Носител на овој систем е Секторот за информации и комуникации ( со проактивна и реактивна функција) и Секторот - Регионален центар за односи со јавноста (со превентивна функција).

Согласно Концептот за развој на систем за справување со дезинформации, **превентивната функција** се фокусира на развојот на медиумската писменост преку организација и реализација на обуки и курсеви, како и преку блиска соработка со Министерството за образование и наука, академската заедница и невладиниот сектор. Превенцијата вклучува и реализација на семинари и работилници со претставниците на медиумите со цел зголемување на разбирањето за одбранбената област, како и соработка со факултетите за новинарство и односи со јавноста.

**Проактивната функција** се однесува на континуирано продуцирање на информативен материјал кој ќе овозможи ефикасно справување со дезинформациите, навремено планирање за можна појава на дезинформации, организација на т.н. „настани во заедницата“ со цел доближување на одбранбените активности до граѓаните, како и вмрежување со националните, НАТО и ЕУ капацитети за справување со дезинформации (т.н. „fact-chekers“).

**Реактивната функција** првенствено значи сеопфатен медиумски мониторинг и креирање на систем за брз проток на информации за постоење на одредена дезинформација (брз систем на известување во рамки на Министерството и Армијата). Во Министерството за одбрана функционира систем на брзо информирање за детектирана вест и нејзино спроведување до раководството. Користејќи ги дигиталните комуникациски алатки, секоја вест со негативна конотација и потенцијал да се дефинира како дезинформација ефикасно се проверува, како појдовна точка за следните активности во доменот на односите со јавноста.

Развојот на капацитетите на Министерството и Армијата во доменот на стратешките комуникации е еден од врвните приоритети, особено во доменот на развојот на лицата за нивна реализација. Регионалниот центар за односи со јавноста, согласно годишните планови за обука, континуирано спроведува курсеви за односи со јавноста. Овој Центар се фокусира и на развојот на капацитети и човечки потенцијал со познавања во областа на справувањето со дезинформациите, за што беше развиен и Курс за справување со дезинформации и градење на отпорност.

# III. СИСТЕМ НА КОМУНИКАЦИИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Министерството функционира согласно принципот на „максимална отвореност со минимално одложување", додека истовремено во континуитет истото се етаблира како најбрзиот извор на комплетно точни и проверени информации, односно како **првиот и најкредибилниот извор на информации во доменот на одбраната и безбедноста** во нашата држава. Тоа подразбира и континуирано креирање на бренд кој е препознатлив и во кој граѓаните имаат неприкосновена доверба.

Еден од фундаментите за ефикасна комуникација е развојот на сеопфатен процес на стратегиски комуникации во Министерството и во Армијата кој значи ефикасно и ефективно координирање и имплементирање на своите комуникациски активности и способности, како поддршка на останатите политики, операции и активности, за исполнување на целите на државата, Министерството и Армијата.

На стратешките комуникации се гледа како на прилагодлив процес кој овозможува темелно да се разбере целната публика, да се врши континуирана координација и синхронизација на наративите, темите и пораките, како и да се утврди конкретниот резултат од превземените активности. Главниот бенефит од воспоставувањето на ефикасен систем на стратешки комуникации е можноста за координирано, превентивно, проактивно и реактивно пласирање на информации низ сите канали и со сите соодветни алатки на односите со јавноста во клучен момент за остварување на визијата и мисијата на Министерството и на Армијата.

Информирањето на граѓаните се базира на точност, јасност и навременост, користејќи различни канали за комуникација, најсоодветни за дефинираните клучни публики, дома и во странство. Јавниот интерес е наша главна заложба.

Системот на комуницирање во Министерството за одбрана се состои од Секторот за информации и комуникации (СИК), како нуклеус одговорен за спроведување на комуникациите – интерни и екстерни. Секторот, функционално поставен во Директоратот за комуникации се состои од Одделение за односи со јавноста, Одделение за медиумски анализи и Одделение за издавачка дејност. Овој Сектор поради својата функција е нераскинливо поврзан со Секторот – Регионален центар за односи со јавноста (С-РЦОЈ), кој е дел од Директоратот за управување со човечки ресурси, образование и обука.

Функциите во овој Сектор вклучуваат развој на системот за информирање, целосна организација на медиумски активности, изработка на пишан материјал во промоција на активностите на Министерството, изработка на медиумски анализи и дневен преглед, организирање и реализирање на издавачката дејност, а во соработка со С-РЦОЈ и реализација на обуки за унапредување на капацитетите за односи со јавноста во државата и во Алијансата.

**Кои се принципите на стратешките комуникации по кои се водиме?**

Стратешките комуникации треба да се разберат како процес и начин на размислување кој овозможува пошироко сфаќање на карактеристиките на информациската средина во која главните наративи се преточуваат во конкретни теми од кои произлегуваат кампањи и активности.

Сите овие елементи се базирани на следните принципи и начела:

- Сите активности се базирани на демократски вредности;
- Кредибилитетот и довербата се од суштинско значење и како такви треба да имаат приоритет при спроведувањето на комуникациите;
- Активностите се спроведуваат во согласност со целите на Министерството и на Армијата утврдени во стратешките документи, политиките и наративите;
- Зборовите мора да ги отсликуваат делата; делата мора да ги отсликуваат зборовите;
- Стратешките комуникации се заеднички, координиран и интегриран процес на Министерството и на Армијата;
- Разбирањето на информациската средина во која се пласираат производи на односите со јавноста, користејќи соодветни алатки, преку соодветни канали, е од суштинско значење за постигнување на посакуваниот ефект. Тоа го подразбира и разбирањето, вредностите и размислувањата на целната публика;
- Разбирањето дека секое лице кое е составен дел од Министерството и Армијата е претставник на институцијата и во тој контекст ги пренесува пораките на институцијата по принципот „еден глас“;
- Разбирањето на секој вработен во Министерството и во Армијата дека припаѓа на еден заеднички колектив кој има иста цел, иста мисија и иста визија;
- Фокусот на сите активности на стратешките комуникации е на постигнување на посакуваниот ефект и резултат(и).

Водиме сметка за професионализацијата на комуникациите во одбраната. Инвестираме во професионалците кои работат во овој домен затоа што нивните способности значат и поефикасен систем за информирање. Овие службеници во Министерството се и владини комуникатори и во тој контекст го следат Кодексот за однесување на владините службеници за односи со јавност според кој нивната основна должност е на јавноста да пренесуваат официјални ставови и политики на Министерството и со својата етика, мотивираност, вештини и способности да придонесат кон основните принципи на функционирањето на извршната власт – транспарентноста, отвореноста и отчетноста.

Службениците за односи со јавност во Министерството за одбрана:

- √ секогаш ја кажуваат вистината;
- √ тие се непристрасни;
- √ внимателни се во својот пристап;
- √ ја задржуваат објективноста;
- √ носат одлуки исклучиво врз база на претходна анализа;
- √ обврските кои произлегуваат од службата ги ставаат пред личните интереси;
- √ кај нив постои исклучително развиена свесност за можноста од постоење на судир на интереси;
- √ тие јасно го одвојуваат своето приватно од професионалното делување.

Министерството ја препознава вредноста на новите комуникациски канали, социјалните мрежи кои овозможуваат директна и двонасочна комуникација со граѓаните, што е причина повеќе за нашиот интерес да бидеме активен учесник во оваа сфера. Нашата цел е да го привлечеме вниманието на граѓаните преку социјалните мрежи, но и активно и непосредно да им помагаме во разбирањето на одбранбениот систем, неговите функции и должности.

Комуникаторите во Министерството за одбрана внимаваат и на начинот на кој ги користат социјалните медиуми со свои приватни канали. Однесувањето на овие комуникатори на приватните канали, директно се поврзува со нивната личност и кредибилитет, кој се пренесува и во работната средина. Несомненото поврзување на однесувањето на личните профили со позицијата како службеници за односи со јавноста во Министерството за одбрана има потенцијал да нанесе штета на кредибилитетот на институцијата и заради тоа несоодветните комуникации кои содржат дискриминаторска, навредувачка, заканувачка содржина или елементи на говор на омраза треба во целост да се избегнуваат. Кредибилитетот на институцијата, која во комуницирањето се основа првенствено на фактичка точност, не смее да биде доведен во прашање.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

ДИРЕКТОРАТ ЗА КОМУНИКАЦИИ
Сектор за информации и комуникации
Одделение за односи со јавноста

Следете нѐ на:

@DefenceMKD

@DefenceMKD

Министерство за одбрана